# Вентилатор

## Вредноста на Пикасо

Сликата „Акт, зелени лисја и биста“ од Пабло Пикасо, насликана за само еден ден во 1932 година, се продаде за рекордни 106.4 милиони долари. Делото ја прикажува љубовницата на самиот уметник, Мари-Терез Валтер, и како акт и како биста. Аукциската куќа „Кристи“ објави дека за сликата наддавале шест лица. Аукцијата го надмина претходниот рекорд поставен



при купувањето на скулптурата на Алберто Џакомети со наслов „Шетачот 1“, која се продаде за 104.3 милиони долари. Инаку, сликата на Пикасо уште од 50-тите години на минатиот век била дел од колекцијата на Сидни и Франсес Броди, а пред јавноста била изложена само еднаш, во 1961 година. Франсес Броди почина минатата година по што платното беше понудено на продажба. Највисоката цена ја понудил непознат купувач преку телефон. Претходниот рекорд за дело од Пикасо беше поставен во 2004 година, кога платното „Момче со луле“ се продаде за 104.1 милиони долари. (Д.Б.)

## Бамбус на покривот



Уметниците Даг и Мајк Штерн, близнаци од Њу Џерси, на покривот на њујоршкиот музеј „Метрополитен“ подигнаа конструкција висока девет метри, а по која посетителите ќе можат да се движат. Според медиумите, од врвот на музејот се простира еден од најубавите погледи на Менхетен. Близнаците Штерн ќе ја доградуваат конструкцијата сè додека трае проектот. „Дојдовме до височина од девет, а на крајот ќе стигнеме до 15 метри. Притоа ќе искористиме пет илјади бамбуси“. Насловот на проектот е „Биг бамбу“, а како инспирација им послужиле „комплицираните композиции на Џими Хендрикс и Ник Кејв“. (Д.Б.)



ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*

# Потрага по своето место во уметноста



**ЊУЈОРК** Престојот во Њујорк е значајно и драгоцено животно искуство за секој уметник

Истражувајќи низ социјалните структури и нивните правила во пост-социјалистичка и транзициска Македонија, уметникот Ѓорѓе Јовановиќ создава автентични и инвентивни дела со кои, чекор по чекор, го гради своето мултимедијално портфолио. Секојдневните ритуали и стереотипии, како и улогата на индивидуалецот и неговото/та потрага по своето место во општеството се основната инспирација за уметникот, а делата со наслов „Исповедите на еден јадач на колачи“, „Депресијата на новогодишната ноќ“ и „Рецесијата на новогодишната ноќ“ се уметничкиот резултат од истражувањата. Токму овие три со заеднички наслов „Фрагментираната архива на уметникот од земјата во транзиција“ пред два месеца беа претставени на самостојната изложба на Јовановиќ во галеријата МЦ во Њујорк. Изложбата беше дел од програмата на Министерството за култура за претставување на македонските уметници во Њујорк, а уметникот имаше можност да ја претстави својата работа, но и да ги прошири своите уметнички хоризонти.



**ИСПОВЕДИ** Од проектот „Исповедите на еден јадач на колачи“

■ **Со какви искуства еден уметник од Македонија може да се стекне со претставувањето во, условно кажано, главниот град на светот? Што лично за уметникот значи престојот таму?**

- Престојот во Њујорк беше навистина ретка прилика да се биде и да се живее во овој град, кој едноставно изобилува со настани од секаков вид. Возбудливо беше да видам изложби и концерти на автори кои битно влијаеле на моето формирање како уметник. Предавања, концерти, изложби, средби со колеги од целиот свет. Место во кое се среќаваат многу култури. Претставувањето таму за ме-

## ВАСКО СЕРАФИМОВ ПРЕПОРАЧУВА



Васко Серафимов е еден од ретките музичари во Македонија кои компонираат амбиентална електронска музика. Досега ги објави албумите „Brainstorming“, „Here“ и „Welcome“, неодамна одржа и концерт во МКЦ, а за „Глобус“ препорачува:

### КНИГА




„Рокописи“ од Пеца Поповиќ. Авторот е новинар и сведок на трансформацијата на рок-музиката во светот и кај нас. Книгата е топла и сетна, опремена е со феноменални илустрации и претставува прекрасен рок-времеплов од хартија.

### ФИЛМ

„Once upon a time in America“ на Серџо Леоне. Со прекрасна актерска екипа и одлична режија, Леоне создаде една од најубавите филмски приказни. Филмот сум го гледал повеќе од пет пати и повторно сакам да го гледам.



не беше од исклучителна важност, добра прилика да видам нешто различно и да го преиспитам тоа што го работам. Тоа што најмногу ми се допадна беше отвореноста на луѓето да разговараат и да дебатираат. Покрај претставувањето во галеријата МЦ (галерија која соработува со нашето Министерство за култура) и Интернационалното студио за куратори и уметници во Бруклин, учествував и на изложбата „Bring your art“ во независниот простор „Initiative X“ во Челзи, простор кој во периодот додека престојував во САД беше една од највозбудливите галерии во градот и, меѓу другото, ги претстави делата на познатиот полски уметник Артур Жмијевски и германскиот уметник Ханс Хаке. Накратко – Њујорк беше значајно и драгоцено животно искуство.

**■ Кога се појави идејата и што е главната поента на перформансот „Исповедите на еден јадач на колачи“ со кој се претстави во Њујорк?**

- Првичната идеја на овој перформанс беше соочувањето со стереотипот за уметникот што, кај нас, сè уште постои: боем, подложен на пороци и слично. Но, потоа делото се развиваше. Тоа за што зборувам во овој перформанс е конзумеристичката култура доминантна во развиениот дел од светот и последиците што истата ги предизвикува, како и за замената на вредностите. Важно ми беше и вклучувањето на публиката, односно поместувањето на границата на пасивниот гледач и неговото активно учество во перформансот. Како што однапред беше замислен перформансот, публиката се вклучи споделувајќи ги своите лични опсесии или, пак, своите искуства во јадењето колачи и на тој начин се воспостави интеракција и директна комуникација.

**■ Значајна улога во Вашето творештво има групата „Свирачиња“. Кој е принципот на функционирањето на групата и каква е нејзината улогата во однос на уметничкото творештво?**

- Работата на „Свирачиња“ би ја опишал како некое суштество кое живее некаде длабоко под земја, повремено се појавува надвор, притоа писка, квичи и се тетерави и потоа повторно се повлекува во својата темна јазбина. Во периодот на последниве три години, односно од кога официјално функционираме како група, изведовме четири перформанси, повеќе музички концерти, две години имавме термин на музичкото радио Канал 103, каде што се обидуваме да си играме, но и да експериментираме со радиото како медиум, а од тоа излегоа многу интересни епизоди во форма на колаж. Би ги издвоил епизодите во кои Никола Гелевски и Александар Станкоски играат шах, а притоа ги спротиставуваат своите ставови и размислувања за политиката, уметноста и моќта, потоа пародичната опера „Трајаникус Свиракус“ и рап-операта „После Маус, Свирачиња“, која ја направиме во соработка со Анастас Вангели. Инаку, работата со „Свирачиња“ е процес што паралелно се одвива и се преплетува со мојата самостојна работа. Постојат периоди во кои работам на своите проекти, а во одреден момент кога ќе почувствуваме потреба се собираме со свирачињата. Во овој период подготвуваме перформанс што ќе биде дел од филм што ќе се занимава со работата на „Свирачиња“ и на српскиот музички состав „Клопка за пионира“. ■





**ПРОЦЕС** Работата со групата „Свирачиња“ е процес што паралелно се одвива и се преплетува со самостојната работа на Јовановиќ



# Домашно кино

ПИШУВА: **ИГОР АНЃЕЛКОВ**

## Барија

**(ИТАЛИЈА)**
BAARIA (150 мин.)

**режија: Џузепе Торнаторе**
**улоги: Франческо Скијана, Маргарет Маде, Раул Бова**

За оние кои ги сакаат „Амаркорд“ на Фелини, „Киното Парадизо“ на Торнаторе и „1900“ на Бертолучи, досега најскапиот проект во италијанската кинематографија е филм кој уште еднаш ќе ги задоволи вкусовите на љубителите на ваквиот тип приказни. Филмот „Барија“, кој можевме да го гледаме и на големото платно на СФФ, е сторија која раскажува за случувањата во едно мало место, каде низ животот на три генерации сведочиме за подемот и падот на нацијата. Политика, љубов, пријателство, предавство... сосема доволно, нели!?





★★★☆

## Живот за време на војна

**(САД)** LIFE DURING WARTIME
(96 мин.)

**режија: Тод Солонц**
**улоги: Ширли Хендерсон, Сијаран Хајндс, Алисон Џени**

И новиот наслов на почитуваниот американски независен филмаџија Тод Солонц беше дел од СФФ, како фино надоврзување на изминатите години, кога и неговите претходни филмови беа дел од фестивалската програма. Ова остварување е наследник на прекрасниот „Среќа“ (1998), во кој авторот низ секвенции од секојдневјето на обичните луѓе ги разголува темите осаменост, меланхолија, сексуални фрустрации... филувајќи ги со христијански чувства како простување и покајание. Идентификацијата за време на гледањето на филмот е задолжителна!



★★★★

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично

## ТЕАТАР

„Неверство“, по текст на Харолд Пинтер во режија на Нина Николиќ, а во продукција на Центарот за драмски уметности „Т-хаус“, е претстава во која е внесена силна посветеност, енергија и ентузијазам.



## ЦД

„Remain in light“ од групата „Токинг хедс“ е албум со кој Дејвид Брн и Брајан Ино (како продуцент) го достигнаа пикот во заедничката креативна соработка. Неповторливо!





## ИНТЕРНЕТ

Интернет-сајтот www.samadhisound.com е официјалната веб-страница на независната дискографска куќа што е основана од Дејвид Силвијан, а каде може да се најде и музиката на Стив Јансен, Дејвид Тоон и други блиски соработници на Силвијан.

